Член 2

Се овластува Надзорниот одбор на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“ - Скопје, во државна сопственост да изготви пречистен текст на Статутот на Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција АД“ - Скопје, во државна сопственост.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-627/1
26 јануари 2021 година
Скопје

Прв заменик на Претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
м-р **Артан Груби,** с.р.

---

**358.**

Врз основа на член 61 став 1 од Законот за надворешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/06, 107/08, 26/13, 39/14, 61/15 и 226/15), Владата на Република Северна Македонија, на седница, одржана на 26 јануари 2021 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОТПОВИКУВАЊЕ НА ПОЧЕСНИОТ КОНЗУЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА, СО СЕДИШТЕ ВО РИЕКА**

1. Се отповикува г-н Горан Калоѓера од местото Почесен конзул на Република Северна Македонија во Република Хрватска, со седиште во Риека.

2. Со денот на влегувањето во сила на ова решение, престанува да важи Решението за именување на Почесен конзул на Република Македонија во Република Хрватска, со седиште во Риека („Службен весник на Република Македонија“ бр.149/09).

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-12782/1-20
26 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**359.**

Врз основа на член 5 од Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 156/10, 59/12, 187/13, 41/14 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 26 јануари 2021 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2021 ГОДИНА**

Член 1

Оваа програма е наменета за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија за 2021 година.

Потребните средства за реализација на Програмата се предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година и изнесуваат 83.492.000,00 денари од кои 21.500.000,00 на сметка 637, 60.000.000,00 денари на сметка 631 и 1.992.000,00 денари на сметка 787 и истите се планирани во Буџетот на раздел 10003 - Агенција за промоција и поддршка на туризмот категорија 42 - стоки и услуги, 46 - субвенции и трансфери и 48 - капитални расходи.

Член 2

Средствата од член 1 став 2 на оваа програма се наменети за промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка и активности за поддршка на туризмот и тоа:

а) За промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка се наменуваат вкупно 7.090.000.00 денари и тоа за:

1. Учество на меѓународни, регионални и локални туристички саеми и виртуелни саеми во Мадрид, Софија, Белград, Берлин, Тирана, Букурешт, Сингапур, Римини, Лондон, Варшава, Измир, Дубаи Експо 2021, Скопје и други, како и учество и организација на меѓународни, регионални и локални инвестициски и други семинари, конференции, самити, форуми и презентации од областа на туризмот во странство и во Скопје и други градови, согласно потребите и барањата од туристичкото стопанство и Владата на Република Северна Македонија, се наменуваат 1.500.000,00 денари.

2.Организирање на промотивни кампањи кои ќе се водат во Србија, Словенија, Хрватска, Бугарија, Албанија, Косово, Полска, Германија, Романија, Италија, Израел, Турција, Украина, Република Северна Македонија и други. Промотивните кампањи ќе содржат:
- Реклами во печатени медиуми,
- Електронска промоција,
- Промовирање преку блогери и
- Промовирање преку влогери
се наменуваат 4.060.000,00 денари.

3. Продукција, дизајн и изработка на електронско издание на водич „Слободни патувачи“. Електронското издание ќе овозможи промоција и презентација на туристичките атракции и можности за развој на авантуристичките форми на туризам. Целта е привлекување на домашни и странски туристи и нивно активно вклучување во туризмот, поблиску запознавање со туристичките потенцијали и откривање на туристичките дестинации кои нудат бројни можности и задоволување на туристичките потреби на слободните патувачи, се наменуваат 330.000,00 денари.

4. Продукција, дизајн и изработка на електронско издание на фото брошура. Електронското издание е дел од националната кампања „Дома си е дома“ кое ќе овозможи преглед на сите фотографии и видеа споделени на социјалните мрежи Facebook, Instagram со користење на хаштаг #Дома си е дома. Целта на ова издание е промовирање на различни дестинации и активности во нашата земја со посета од домашните туристи, се наменуваат 50.000,00 денари.

5. Продукција, дизајн и изработка на електронско издание на „Педесет најпосетувани музеи во Република Северна Македонија“. Електронското издание ќе овозможи на музеите значајни за туристичкиот сектор во Република Северна Македонија преку страницата www.northmacedoniatimeless со скенирање на кјуар код поставен пред секој музеј и хаштаг кој ќе се користи во социјалните медиуми за нивна промоција. Тематското електронско издание ќе овозможи дополнителни информации на едно место за музеите нивните поставки, фотографии, видеоматеријали и потребни информации со што ќе се овозможи достапност на информациите до туристите, се наменуваат 50.000,00 денари.

6. Продукција, дизајн и изработка на електронско издание на водич „Скопје град на солидарноста„.Електронското издание на водичот ќе овозможи преку скенирање на кјуар кодови поставени пред секој објект, информации на страницата www.northmacedonia-timeless, и хаштаг кој ќе се користи на социјалните медиум за нивна промоција. Тематското електронско из-

дание ќе овозможи дополнителни информации на едно место за значајните градби во Скопје, фотографии и видео записи достапни за туристите, се наменуваат 50.000, денари.

7. Продукција на 360 виртуелни тури за туристички дестинации во Република Северна Македонија, кои ќе бидат интегриран дел од страната www.northmacedoniatimeless прикажувајќи ги најатрактивните дестинации во форма на виртуелна реалност, се наменуваат 500.000,00 денари.

8. Редизајн, репрограмирање, хостинг, поддршка и одржување на македонскиот официјален туристички портал веб страната www.northmacedoniatimeless, како и хостинг поддршка и одржување на веб страната www.tourismmacedonia.gov.mk, се наменуваат 350.000,00 денари.

9. Организација на информативни патувања во Република Северна Македонија за блогери, влогери, инфлуенсери, туроператори, медиуми, новинари и други, чија цел е запознавање со туристичките потенцијали на нашата земја и промоција на туристичките дестинации и производи со цел постигнување на одредено ниво на препознатливост и конкурентност на македонскиот туристички производ, се наменуваат 200.000,00 денари.

б) За активности за поддршка на туризмот се наменуваат вкупно 3.530.000,00 денари и тоа за:

1. Проект „ Означување на Јустинијан прима и Тауресиум “, кој ќе содржи податоци, информации, слики и текст за овие значајни антички локалитети, кои се многу значајни во културолошка смисла за туризмот во државата. Ќе се соберат информации за двата локалитети и ќе биде поставена туристичка сигнализација во соработка со двете општини Петровец и Зелениково, се наменуваат 200.000,00 денари.

2. Проект „Уредување на туристички локалитет (природна реткост), Истевнички Кукуље“, со цел уредување и промоција на оваа природна реткост во Република Северна Македонија. Проектот ги опфаќа следните активности: поставување на летниковци, маси и клупи за туристичката атракција, се наменуваат 100.000,00 денари.

3. Проект „10 планински врвови“ - Кораб – Голем Кораб, Шар Планина – Титов Врв, Шар Планина – Љуботен, Стогово – Бабин Срт, Баба – Пелистер, Ниџе – Кајмакчалан, Јакупица – Солунска Глава, Осогово – Царев Врв, Плачковица – Лисец, Беласица - Тромеѓа, проект кој има за цел промоција на авантуристичкиот туризам на овие најпознати врвови во државата, и тоа со означување на истите за полесно пристигнување до нив, поставување на атракции на врвовите на овие десет планински масиви во државата, се наменуваат 1.370.000,00 денари.

4. Редизајн на гастрономскиот водич „Вкусовите на нашата земја“, со цел дополнување и промена на водичот во насока на збогатување на содржините, печатење на нови примероци од истиот и подготовка на мала брошура со готварски рецепти за самите вкусови, се наменуваат 330.000,00 денари.

5. Проект „Изработка на Археолошки водич“, во соработка со институциите за култура и култрно наследство, ќе се изработи убав и содржаен водич за археологијата во државата, наменет за странската и домашната јавност на неколку светски јазици, со цел збогатување на културната и туристичката понуда, се наменуваат 330.000,00 денари.

6. Целосна реализација на проектот „Означување на старите чаршии во Прилеп, Битола, Струга и старото јадро во Охрид“. Со овој проект се означуваат туристички патокази и знаци старите чаршии и делови од градовите наведени во текстот, освен градот Струга каде истиот се заменува со градот Ресен и нивна целосна исплата, се наменуваат 300.000,00 денари.

7. Формирање на авто кампови и нивна промоција - зголемување на туристичката понуда, развој на автокамперскиот туризам, нивна промоција и привлекување на странски и домашен капитал за формирање на автокампови, се наменуваат 300.000,00 денари.

8. Формирање, развој, оградување и означување на туристички развојни зони, се наменуваат 300.000,00 денари.

9. Аплицирање на европски фондови, фондови од донаторски организации, национални програми и други, се наменуваат 300.000,00 денари.

в) Финансиски средства кои се наменуваат за функционирање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот (кирии, комунални услуги, поправка и одржување, материјали и ситен инвентар, опрема и машини, обуки, купување мебел, правни и сметководствени услуги и друго) се наменуваат вкупно 9.880.000,00 денари.

Член 3

За субвенционирање на странскиот организиран туристички промет се наменети вкупно 61.000.000,00 денари, дел од буџетска сметка 637 во износ од 1.000.000,00 денари, а остатокот на средствата во висина од 60.000.000,00 денари се обезбедуваат од сметка 631 од игри на среќа.

Член 4

Средствата во висина од 1.992.000,00 денари од сметка 787, се наменуваат за организирање на презентации и средби со странски туроопратори и денови на македонскиот туризам во странство, како и организација на презентации и настани во Република Северна Македонија.

Член 5

За начинот и динамиката за реализирањето на оваа програма ќе се грижи Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

Член 6

Распределбата на средствата од оваа програма, согласно дефинираните активности и проекти од оваа програма, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот ја врши според критериумите за рамномерен регионален развој.

Член 7

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за реализираните активности ќе достави извештај до Владата на Република Северна Македонија како и постигнатите резултати со образложение за евентуални отстапувања од планираните активности заклучно со 31 јуни 2022 година.

Член 8

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-158/1
26 јануари 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.